# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | Министерство за финансии |
| Назив на предлогот на закон: | Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност |
| Одговорно лице и контакт информации: | Ленче Тагасовска, Раководител на сектор<br>тел: 3255-350<br>email: lence.tagasovska@finance.gov.mk |
| Вид на Извештај | ☐Нацрт<br>☒Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија<br>☐НПАА<br>☒Заклучок на Владата на Република Македонија<br>☐Друго ___________________________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ | нема |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | __.__.2014 година |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | __.__.2014 година |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | __.__.2014 година |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | __.__.2014 година |

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### *1.1. Опис на состојбите*

Со Законот за хартии од вредност се уредуваат начинот и условите на издавање и тргување со хартии од вредност. Сертификатот за депозит е еден од инструментите со кои може да се тргува на пазарот со хартии од вредност. Со цел да заживее издавањето и тргувањето со овој инструмент, беше направена анализа на регулативата од други држави, вклучително и за САД, со која е уредено издавањето на сертификати за депозит. Од анализата произлезе потреба да се прецизира постоечката дефиниција на сертификатот за депозит во насока на доуредување на карактеристиките на овој инструмент. Исто така, праксата покажа дека има потреба да се направат и други измени во Законот за хартии од вредност. Дел од измените се главно се од техничка природа, а се поврзани со полагањето на стручниот испит за работа со хартии од вредност и инвестициски советник. Понатаму со измената се пропишува друштвата за управување со инвестициски фондови да можат да бидат членки на депозитарот со што истите ќе може да отвораат портфолио сметка на хартии од вредност при вршење на услугата управување со портфолио на хартии од вредност за сметка на вложувачот. Исто така со измената се воведува можност засегнатите страни во делот на полагањето на стручните испити за брокер и инвестициски советник против решенијата на Комисијата да поднесат жалба до државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, заради усогласување со останатите одредби во постојниот закон во делот на поднесувањето на жалба против решенијата на Комисијата. Во насока на заштита на интересите на инвеститорите, особено при давањето на налози за купопродажба на хартии од вредност, се пропишува и обврска за брокерските куќи веднаш да го внесат налогот од клиентот во системот за тргување на берзата.

### *1.2. Причини за проблемите кои се предмет на разгледување*

Согласно Заклучокот од 210-та седница на Владата на Република Македонија Министерството за финансии подготви анализа на регулативата од други држави, вклучително и за САД, со која е уредено издавањето на сертификати за депозит. Од анализата произлезе потреба да се направат измени во Законот за хартии од вредност во насока на прецизирање на дефиницијата на сертификатите за депозит и нејзиното издавање. Со Заклучок од 30-тата седница на Владата на Република Македонија Министерството за финансии се задолжува до крајот на декември 2014 година да ги подготви измените на законската регулатива во насока на доуредување на издавањето на сертификатот за депозит. Дополнително, праксата покажа дека има потреба да се направат и други измени во Законот за хартии од вредност. Измените се главно во насока на заштита на интересите на инвеститорите, особено при давањето на налози за купопродажба на хартии од

вредност. Исто така, со измената се воведува можност засегнатите страни во делот на полагањето на стручните испити за брокер и инвестициски советник против решенијата на Комисијата да поднесат жалба до државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, заради усогласување со останатите одредби во постојниот закон во делот на поднесувањето на жалба против решенијата на Комисијата. Дел од измените се и од техничка природа, а се поврзани со полагањето на стручниот испит за работа со хартии од вредност и инвестициски советник во делот на базата на прашања.

Поради тоа, подготвен е и се предлага да се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност.

## 2. Цели на предлог регулативата

Со донесувањето на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност ќе се исполни обврска од Заклучокот од 30-та седница на Владата на Република Македонија со кој Министерството за финансии се задолжува до крајот на декември 2014 година да подготви измена на законската регулатива во насока на доуредување на издавањето на сертификатот за депозит.

## 3. Можни решенија (опции)

### *3.1. Опис на решението „не прави ништо“*

Не прави ништо. Опцијата „не прави ништо“ се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline). Ова не е прифатлива опција бидејќи со одбирањето на оваа опција нема да се постигне целта за исполнување на обврската која произлегува од Заклучокот од 30-та седница на Владата на Република Македонија со кој Министерството за финансии се задолжува до крајот на декември 2014 година да подготви измена на законската регулатива во насока на доуредување на издавањето на сертификатот за депозит.

### *3.2. Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот*

Основни решенија на предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност:

- нова дефиниција на сертификатите за депозит,

-исклучување на краткорочните сертификати за депозити од обврската за давање на одобрение за нивно издавање,

-вклучување на друштвата за управување со инвестициски фондови како членки на депозитарот за хартии од вредност со цел истите да може да отвораат портфолио сметки на хартии од вредност во свое име, а за сметка на вложувачот,

-воведување на можност против решенијата на Комисијата за хартии од вредност кандидатите за полагање на стручен испит за брокер и инвестициски советник да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен,

- воведување на обврска брокерските куќи веднаш да го внесат налогот од клиентот во системот за тргување на берзата.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

*Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:*

*4.1. Економски влијанија*

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност нема економски влијанија.

*4.2. Фискални влијанија*

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност нема фискални влијанија.

*4.3. Социјални влијанија*

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност нема социјални влијанија.

*4.4. Влијанија врз животната средина*

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност нема влијание врз животната средина.

*4.5. Административни влијанија и трошоци –*

*а) трошоци за спроведување*

Не се потребни дополнителни трошоци за спроведување.

*б) трошоци за почитување на регулативата*

Не се потребни дополнителни трошоци за почитување на регулативата.

## 5. Консултации

*5.1. Засегнати страни и начин на вклучување*

Направени се консултации и усогласени се ставовите со Комисијата за хартии од вредност.

*5.2. Преглед на добиените и вградените мислења*

*5.3. Мислењата кои не биле земени предвид и зошто*

Нема

## 6. Заклучоци и препорачано решение

*6.1. Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции)*

Не донесувањето на Предлог законот ќе значи неисполнување на обврската која произлегува од Заклучокот од 30-та седница на Владата на Република Македонија со кој Министерството за финансии се задолжува до крајот на декември 2014

година да подготви измена на законската регулатива во насока на доуредување на издавањето на сертификатот за депозит.

### *6.2. Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции)*

Главен ризик од недонесување на Предлогот на закон е да остане во примена постојниот закон, што ќе значи неисполнување на обврската која произлегува од од Заклучокот од 30-та седница на Владата на Република Македонија со кој Министерството за финансии се задолжува до крајот на декември 2014 година да подготви измена на законската регулатива во насока на доуредување на издавањето на сертификатот за депозит.

### *6.3. Препорачано решение со образложение*

Се препорачува да се донесе Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност.

Основни решенија на предложениот Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност:

- нов дефиниција на сертификатите за депозит,
-исклучување на краткорочните сертификати за депозити од обврската за давање на одобрение за нивно издавање,
-вклучување на друштвата за управување со инвестициски фондови како членки на депозитарот за хартии од вредност со цел истите да може да отвораат портфолио сметки на хартии од вредност во свое име, а за сметка на вложувачот,
-воведување на можност против решенијата на Комисијата за хартии од вредност кандидатите за полагање на стручен испит за брокер и инвестициски советник да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен,
- воведување на обврска брокерските куќи веднаш да го внесат налогот од клиентот во системот за тргување на берзата.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

### *7.1. Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области*

### *7.2. Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување*

*Од предлог законот не произлегува обврска за подготовка на подзаконски акти*

### *7.3. Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување*

Надлежен орган за спроведување на Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност е Комисијата за хартии од вредност

*7.4. Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон*

За спроведување на законот ќе се преземат соодветни активности за обезбедување на ефикасно имплементирање на законот.

## 8. Следење и евалуација

*8.1. Начин на следење на спроведувањето*

Спроведувањето на законот и ефектите од истиот ќе бидат предмет на постојан надзор и следење од страна на надлежните сектори во Министерство за финансии и Комисијата за хартии од вредност.

*8.2. Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови*

Евалуација на ефектите ќе се врши во текот на секојдневното работење, како и со одржување на средби помеѓу Министерство за финансии и Комисијата за хартии од вредност со засегнатите страни.

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:__.__.2014 година**

**_________________________**

**Зоран Ставрески**
**Заменик Претседател на Влада и**
**Министер за финансии**

Изработил: Орнела Трајкоска Пендевска
Аница Васовиќ
Контролирал: Ленче Тагасовска
Одобрил: Виолета Стојановска Петровска